- При ископ на темели илиизведување на други земјени работи, доколку се наиде на предмети или остатоци од градби што се од археолошко значење, изведувачот е должен привремено да прекине со изведувањето на работите и веднаш да го извести НУ Национален конзерваторски центар –Скопје, а работите да продолжида ги врши под археолошки надзор или по претходно изведување на заштитни археолошки ископувања, во зависност од потребата, односномерката определена од Управата за заштита на културното наследство;
- Поставувањето на сите инсталации да се изведе на начин што ќе обез–беди тие да не бидат видливи во зоната на заштитеното подрачје
- Режимот на заштита јаисклучува можноста за воведување намени кои предизвикуваат бучава и загадување на околината;
- Другите заштитно-конзерваторски услови се утврдуваат во планот според елементите предвидени со режимот на заштита.

Работите на одржување и уредување со кои можат да настанат естетски и други физички промени на изгледот на објектот и просторот во неговите граници, можат да се изведуваат по претходна најава и во консултација со надлежната установа за заштита (стручна помош).

3.4.25 При примена и реализација на овој Општ акт, за сѐ што не е дефинирано со овие Општи услови за градба, ќе се применуваат стандардите и нормативите утврдени со *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и *Правилникот за формата и содржината на Општиот акт* („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 229/18).

3.5 Начин на реализација на инфраструктурните водови и градби

Во планскиот опфат дефиниран со **Општиот акт за село Раотинце**, Општина Јегуновце, постојат веќе изградени сообраќајници (улици), како и изградени комунални инфраструктурни мрежи како што се: водовод, електрика и телекомуникациски инсталации.

Тие се основа за развој и надградба на целокупната инфраструктурна мрежа во селото, која ќе овозможи приклучување на новоизградените градби.

ДУ Чистота Јегуновце има доставено информација (бр.03-140/1 од 26.06.2019) дека има постојна секундарна водоводна мрежа и транзитна која оди за село Копанце, која е во нивна надлежност.

Од МЕПСО е добиена информација (бр.11-3419/1 од 21.06.2019) дека планскиот опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост.

Според добиените податоци од Електродистрибуција ДОЕЛ Скопје (бр.10-2636/2 од 21.06.2019), во рамки на планскиот опфат има постоен среднонапонски надземен вод и три среднонапонски трафостаници. Покрај тоа дадена е и траса на новопроектиран среднонапонски подземен вод.

За среднонапонскиот надземен вод е предвиден заштитниот појас од по 3,5м осовинско растојание. Минималните заштитни појаси се дадени во *Правилникот за техничките нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кВ до 400 кВ* („Сл.лист на СФРЈ" бр.65/88).

Од АЕК (бр.1404-1793/2 од 19.06.2019) и од Телеком (од 24.06.2019) се добиени информации за постојни оптички и бакарни телекомуникациски кабли.

Од ГАМА и МЕР (бр.03-3107/2 од 17.06.2019) се добиени информации дека во опфатот нема изградени и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Според дописот од Општина Јегуновце (11-809/2 од 18.06.2019), во опфатот и во негова непосредна блзина, нема одобрени проекти за инфратсруктура (ПИ) ниту ПИ кои се во фаза на изработка, а според дописот бр.11-187/1 од 31.01.2020, опфатот не се граничи со соседни планови и плански документации.

Постојната инфраструктурна мрежа потребно е да овозможи приклучок на мрежата на секој објект кој се наоѓа во селото.

Доколку се утврдат потреби за напојување кои ги надминуваат капацитетите на постојната инфраструктура, изградбата на нови инфраструктурни мрежи и објекти ќе се врши со изработка на Проекти за инфраструктура, во согласност со член 52 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* („Сл. весник на Р.Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

3.6 Просторна организација и услови за градење во селски стопански двор

Во рамки на наменската зона за домување можна е реализација на објекти со основна класа на намени:

А1 -домување во станбени куќи во селско-стопански двор

Согласно важечкиот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, класата А1 ги опфаќа и селските стопански дворови т.е. во рамки на градежните парцели со класа на намена А1, освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско - стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

Урбанистичките параметри (процентот на изграденост и коефициентот на искористеност) кои ги детерминираат условите за градба во градежните парцели со намена А1-домување во станбени куќи во селско-стопански двор не ги опфаќаат помошните градби во функција на селско-стопански двор.

3.7 Опис на основните влезни и излезни постојни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото окружување

Со **Општиот акт за село Раотинце** се дефинирани сите постоечкиот влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување, и тоа:

- на север – од / кон село Јегуновце;
- назапад – од / кон село Подбреѓе;
- на исток – од / кон атарот на селото;
- на југоисток од / кон атарот на селото;
- на југозапад – од / кон село Копанце.

Низ планскиот опфат на село Раотинце не поминува регионален пат.

При спроведување на Општиот акт, да се почитуваат во целост одредбите од *Законот за јавни патишта* („Сл.весник на Р.Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

3.8 Сообраќајни услови за пристап до градбите и начин на решавање на стационарниот сообраќај

Стационарниот сообраќај - паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 58 и 59 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Дефинирањето на идната улична мрежа во просторот на наменските зони ќе се реализира со Проекти за инфраструктура, што е во согласност со член 52 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Македонија„ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изградност, коефициент на искористеност, висина на венец и катност). Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно горенаведениот правилник. Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

6. ПОДАТОЦИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ОД ГРАНИЦАТА НА ОПФАТОТ

По завршување на јавниот увид и добиениот Извештај од комисијата формирана од градоначалникот на Општина Јегуновце (бр.11-580/3 од 01.08.2019), направено е минимално проширување на утврдената со геодетскиот елаборат граница на опфатот на Општиот Акт за село Раотинце, од 0,08Ха, со цел во опфатот да се вклучи целата КП 1543. Покрај ова, по добиеното известување од Министерството за здравство (од 17.10.2019) и забелешките од Министерството за транспорт и врски (бр.24-9057/2 од 26.11.2019), а со цел да се овозможат услови за реализација на идна градба со намена В2 - здравство и социјална заштита – градби со намена здравствена заштита, направено е и дополнително прошитување од 0,06Ха. Во врска со ова од Министерството за здравство е добиен одговор (од 13.120.2019) дека немаат забелешки на предложеното решение.

Според тоа, вкупното проширување на утврдената со геодетскиот елаборат граница на опфатот на **Општиот Акт за село Раотинце изнесува 0,4% (0,14Ха)**.

7. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

7.1 Табеларен приказ на планираните содржини

Табела 1 - Билансни показатели


	БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ				
ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО РАОТИНЦЕ	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Површина Ха	Процент %	Вкупен процент на група на класа на намена %
	А ДОМУВАЊЕ	А1 - Домување во станбени куќи	30.62	84.83	84.83
	В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ	В1 - Образование	1.05	2.91	4.49
		В2 - Здравство	0.20	0.56	
		В5 - Верски институции	0.37	1.02	
	Д ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д1 -Парковско зеленило	0.01	0.03	1.35
		Д2 - Заштитно зеленило	0.02	0.05	
		Д4 - Меморијални простори	0.46	1.27	
	Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И ПРЕРАБОТКА	Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија	0.20	0.54	0.54
	Е ИНФРАСТРУКТУРА	Е1 - сообраќајници	2.76	7.65	7.65
	РЕКА	РЕКА	0.41	1.13	1.13
	ВКУПНО		36.1	100	100

ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ УСЛУГИ И ИНЖЕНЕРИНГ
ГЕОПЛАН-ЈФ, ДООЕЛ - ТЕТОВО
ул.ЈНА (Дервиш Цара) бр.104, Тетово

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА Р=1 : 1000

КО РАОТИНЦЕ

КП 1868



Изготвил :

М.П

Тетово, Април 2023 год.

Горан Стефчески дипл.геод.инж

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат што е предмет на обработка на Урбанистички проект е со површина од 4534м^2 и ја зафаќа целокупната површина на катастарски парцели КП. бр. 1862, 1864, 1865, 1867/1, 1867/2, 1867/3 и 1868, КО. Раотинце. Во граница на проектниот опфат постојат изградени објекти, целокупната површина на катастарските парцели представува изградено земјиште.

2.1. Инвентаризацијанаснимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура

Во граница на проектен опфат има евидентирани изградени објекти со површина од обј.1=108м^2 - со катност Пр и обј.2=86м^2 - со катност Пр. Објектите е со мешан конструктивен ситем, а конструкцијата на објектите е во средна состојба.

	СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	
1	Плански опфат	4534	100.00%
2	Неизградено земјиште	2696	59.46%
3	Површина на земјиште под градба (А1.5 - Куќи во состав на селски стопански двор)	1838	40.54%

2.2. Инвентаризација на снимена изградена комунална инфраструктура

- Електрика

Добиен е допис (допис бр. 10-25/7-239 од 20.06.2023год.) за издавање на податоци за електронергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје во кој е наведено дека согласно службената евиденција на ЕВН, во планираниот опфат има 0.4kV и 10(20)kV Надземна мрежа и планирана 10(20)kV Подземна мрежа во сопственост на ЕВН.

- Согласно податоци добиени од МЕПСО - Скопје, допис бр. 11-3854/1 од 23.06.2023год, не известуваат дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.
- Телекомуникациска инфраструктура

Според Известувањето на Македонски Телеком АД Скопје, (допис бр. 53253 од 23.06. 2023год), на предметниот проектен опфат има постојни МКТ инфраструктура.

- АЦВ

Со добиените дописи од Агенцијата за Цивилно Воздухопловство со тех бр.12-8/860 од 21.06.2023год. утврдија дека во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

- Сообраќај
- Согласно дописот од Јавно претпријатие за државни патишта – Скопје со бр. 10-5753/2 од 27.06.2023год, во границите предметниот плански опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на ЈП ДП.
- Согласно допис бр. 2001-2919/2 од 05.07.2022год. добиен од ЈПЖИ- Железници на РСМ – Скопје, во границата предметниот плански опфат на УП констатираме дека планскиот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничка пруга.

- Министерство за култура РСМ – Согласно допис од Управа за заштита на културното наследство – Скопје со бр.17-2118/2 од 03.07.2023год. Констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.
- Дирекција за заштита и спасување

Согласно допис од Дирекцијата за заштита и спасување - Тетово, со допис бр. 09-208/2 од 26.06.2023год, дава податоци дека на предметниот проектен опфат нема постоечки или планирани објекти или инсталации од областа на заштита и спасување.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Урбанистички проект за село, за формирање на градежни парцели на КП. бр. 1862, 1864, 1865, 1867/1, 1867/2, 1867/3 и 1868, КО. Раотинце, за изградба на објект со намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор – Општина Јегуновце, согласно Општ акт за село Раотинце, (одлука бр.08-614/5 од 29.05.2020год.), е работена во согласност со Законот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (сл. в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), како и намени согласно Извод од Општ акт за село Раотинце.

Површина на проектниот опфат по имотен лист изнесува П=4534м^2, заокружена вредност или согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени Ажурирана геодетска подлога изработена од ДГУИ ГЕОПЛАН-ЈФ ДООЕЛ од Тетово, со заверка на елаборат – 07-192/3 од 12.04.2023 година и заверка во АКН Скопје со број 1110-74/2023 од 12.04.2023год. каде граница на проектен опфат изнесува 4534м^2 и е со следни координанти:

Координати и коти на мерени детални точки							
Бр. на точка	Y	X	H	Бр. на точка	Y	X	H
1	7512230.13	4656548.47	397.17	24	7512115.30	4656426.42	398.08
2	7512223.68	4656552.62	396.85	25	7512131.43	4656446.41	397.92
3	7512217.62	4656558.79	397.02	26	7512123.05	4656455.30	397.28
4	7512211.01	4656537.49	396.82	27	7512120.56	4656482.23	396.31
5	7512223.98	4656529.48	397.38	28	7512158.58	4656521.10	395.77
6	7512209.39	4656509.62	397.66	29	7512169.60	4656510.81	396.70
7	7512196.27	4656519.87	397.01	30	7512189.80	4656525.32	396.75
8	7512221.99	4656553.32	396.38	31	7512204.84	4656533.81	396.58
9	7512216.48	4656557.37	396.52	32	7512202.22	4656532.83	396.59
10	7512181.20	4656502.72	397.11	33	7512190.46	4656542.28	396.05
11	7512195.67	4656491.19	397.80	34	7512190.18	4656546.53	395.79
12	7512160.32	4656448.60	398.31	35	7512197.43	4656550.30	396.01
13	7512144.08	4656462.01	397.60	36	7512209.05	4656541.43	396.49
14	7512129.00	4656443.44	397.97	37	7512209.73	4656539.81	396.63
15	7512148.23	4656431.12	398.92	38	7512209.15	4656566.18	397.34
16	7512131.50	4656411.18	399.01	39	7512180.73	4656590.73	393.08
17	7512152.87	4656393.82	400.46	40	7512179.35	4656591.88	392.74
18	7512125.72	4656397.28	399.30	41	7512176.47	4656594.59	392.58
19	7512103.84	4656412.41	397.92	42	7512176.02	4656594.95	392.63
20	7512075.23	4656433.32	396.53	43	7512171.42	4656589.98	392.92
21	7512083.16	4656451.16	396.21	44	7512171.94	4656589.59	392.85
22	7512095.58	4656440.36	396.52	45	7512173.43	4656585.23	392.98
23	7512106.67	4656431.69	397.32	46	7512174.19	4656584.40	393.13

Проектниот опфат (КП бр.1862, 1864, 1865, 1867/1, 1867/2, 1867/3 и 1868, КО. Раотинце), се граничат со следни катастарски парцели:

- На североисточна страна се граничи со КП. бр. 1855/2, 1856 и 1857;

- На северозападна страна се граничи со КП. бр. 1863 (земјен пат);
- На југозападна страна се граничи со КП. бр. 1872 (земјен пат);
- На југоисточна страна се граничи со КП. бр. 1869.

3.1. Градба и основна класа на намена

Во рамките на проектниот опфат – 4534м^2, се формира три градежни парцели, во која има изградени објекти. За градежната парцела се определуваат услови за градење за една градба со класа на намена А1 - Куќи за домување, поединечна намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

На предметниот проектен опфат се предвидува изградба на објект со основна класа на намена:
Намена на површина на проектен опфат:

НАМЕНА НА ЗОНИ	Површина на зони	
А1- Куќи за домување	4534	100%
ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	4534	100%

Намена на површина во градежна парцела:

- **Градежна парцела 1** е со површина од **1456м^2,** со класа на намена на градбата А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор; градежна парцела 1 - зафаќа дел од КП.бр.1862, КП.бр.1867/3 и дел од КП.бр.1868, КО. Раотинце.
- **Градежна парцела 2** е со површина од **1301м^2,** со класа на намена на градбата А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор; градежна парцела 2 - зафаќа дел од КП.бр.1864, КП.бр.1867/1 и дел од КП.бр.1868, КО.Раотинце, КО. Раотинце.
- **Градежна парцела 3** е со површина од **1262м^2,** со класа на намена на градбата А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор; градежна парцела 3 - зафаќа дел од КП.бр.1865, КП.бр.1867/2 и дел од КП.бр.1868, КО. Раотинце.

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ЗА НОВО ФОРМИРАНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ _1: на дел од КП.бр.1862, КП.бр.1867/3 и дел од КП.бр.1868, КО.Раотинце	
А1.5-Куќи во состав на селски стопански двор	121м² - (8%)
Поплочена површина	118м² - (8%)
Партерно уредување (зеленило)	1217м² - (84%)
ПОВРШИНА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА ГП 1	**1456м² - (100%)**

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ЗА НОВО ФОРМИРАНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ _2: на дел од КП.бр.1864, КП.бр.1867/1 и дел од КП.бр.1868, КО.Раотинце	
А1.5-Куќи во состав на селски стопански двор	121м² - (9%)
Поплочена површина	176м² - (14%)
Партерно уредување (зеленило)	1004м² - (77%)
ПОВРШИНА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА ГП 2	**1301м² - (100%)**

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ЗА НОВО ФОРМИРАНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ _3: на дел од КП.бр.1865, КП.бр.1867/2 и дел од КП.бр.1868, КО. Раотинце	
А1.5-Куќи во состав на селски стопански двор	121м² - (10%)
Поплочена површина	275м² - (21%)
Партерно уредување (зеленило)	866м² - (69%)
ПОВРШИНА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА ГП 3	**1262м² - (100%)**

Дел од проектниот опфат е - некатегоризирана улица ,,1,, која зафаќа дел од КП.бр.1862, дел од КП.бр.1864 и дел од КП.бр.1865, КО. Раотинце, со површина од 515м^2**.**

Номенклатура на градежна парцела (ГП)	Поединечна класа на градби	Површина на градежна парцела (м²)	Површина на градежмна линија (м²)	Вкупна изградена површина по спратови (м²)	Макс. висина на објекти до венец Н (м)	Максимален број на спратови	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност К	Комп. класа на намена со Макс.% на учество на един. намена во однос на основна класа на намена	Пристап до градежна парцела	Место на паркирање и број на паркинг места по чл.134 од Правилник	Површина за зеленило (м²)	Површина за зеленило (%)	Површина за поплочена (м²)	Површина за поплочена (%)
1	А1.5	1456	121	363	10.20	П+2	8	0.25	Б1,Б2 30%	уп.,,1,,	2	1217	84	118	8
2	А1.5	1301	121	363	10.20	П+2	9	0.28	Б1,Б2 30%	уп.,,1,,	2	1004	77	176	14
3	А1.5	1262	121	363	10.20	П+2	10	0.29	Б1,Б2 30%	уп.,,1,,	2	866	69	275	21
некатегоризирана улица во проектниот опфат		515	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ		4534													

Проектниот опфат кој е предмет на изработка на Урбанистички проект, претставува граница на катастарска парцела која што излегува на улица. Улицата е се тампон и изведена како што е прикажана во графичките прилози од документационата основа. Истата не е изведена согласно важечките правилници.

Согласно Изводот од Општ акт за село Раотинце, издаден за предметната катастарските парцели КП. бр. 1862, 1865, 1867/2, 1867/3 и 1868, со број 11-174/2 од 25.01.2023 година, издаден од Сектор за урбанизам, одделение за планирање и донесување на урбанистичка документација Општина Јегуновце, градежните парцели ќе се формира во зона со намена на градбата – А– Домување. Согласно новите законски прописи, член 77 од Правилникот за урбанистички планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), оваа класа на намена е со озанака А1 - Куќи за домување со поединечна намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор.

Заради флексибилност на проектот, на основните намени во планот, се дава можност за добивање на комплементарни, компатибилни и алтернативни намени.
Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план.

Комплементарни намени се:

- Делови од градежни парцели и делови од градби што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање;
- Зеленило и одредени рекреативни намени;
- Делови од парцели или градби што се неоходни за комуналните инфраструктури;
- Градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена;
- Пратечки содржини, базен, летниковец и слично.

Како комплементарни намени во предметната парцела се планирани, зелени површини и поплочени површини кои се пристап до објект, паркинг и движење околу него.
Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.
За намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор во Урбанистичкиот проект се дава можност за предвидување на компатибилни класи на намена и тоа Б1, Б2 со 30% учество во основната класа на намена.

Компатибилни класи на намени се определуваат согласно точка 3. Од текст од Општ акт за с.Раотинце согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.в. на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Усогласеноста на процентуална застапеност на комплементарни и компатибилни намени во планот треба да биде во согласност со одредбите пропишани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.2. Население

Населението, со сите свои пропратни елементи претставува битен фактор во организација на живеењето, димензионирањето и развојот на општествените и пратечките функции и други елементи на урбаниот начин на живеење.

Во проектниот опфат се предвидува три градежни парцели и да се изгради 1 (еден) станбени единици со намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор и дел од проектниот опфат зафаќа улица.

3.3. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

За предметниот проектен опфат потребно е да се определи начин на пресметување на неопходниот или потребниот број на паркинг места за секоја единица на градежно земјиште односно за секоја градба според нејзината намена или големина и за секоја наменска зона, и истата да биде планска одредба како задолжителна содржина на УП.
За проектниот опфат за намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, ќе се користи начин на пресметување за потребен број на паркинг места согласно потреби на инвеститор, и неговото димензионирање е во согласност со членовите 130, 131, 132, 133 и 134 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), едно паркинг место по станбена единица.

3.4. Партерно решение со хортикултура

Во графичкиот дел од УП е прикажана површината за градење ограничена со градежни линии во која може да се гради градбата, а останатиот дел од градежната парцела да се уреди хортикултурно со зелени површини (тревнати површини со ниско и високо зеленило). Процентот на озеленетост изнесува мин.20% од градежната парцела согласно член 20 од Законот за урбано зеленило(“Сл.Весник на РМ бр11/18) и член 171 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
Во рамките на градежните парцели, партерното решение во кое спаѓаат сите елементи на уличната мрежа како коловози, тротоари, зелени појаси и сл. е прикажано во соодветните графички прилози од овој Урбанистички проект.

Површината за парковско и пејсажно зеленило во градежни парцели изнесува:

- **Градежна парцела ГП.1** е со површина од **1456м^2,** зеленило со површина од 1217м^2 – со процен на зеленило 84%;
- **Градежна парцела ГП.2** е со површина од **1301м^2,** зеленило со површина од 1004м^2 – со процен на зеленило 77%;
- **Градежна парцела ГП.3** е со површина од **1262м^2,** зеленило со површина од 866м^2 – со процен на зеленило 69%;

3.5. Водови и инсталации на инфраструктура

Трасите и профилите на основните водови на инфраструктурата се превземени од добиените податоци од институции, објектите и водовите на внатрешниот развод на сите комунални инграструктура.
Градбата од проектниот опфат на Урбанистичкиот проект за село за формирање на градежна парцела на КП. бр. 1862, 1864, 1865, 1867/1, 1867/2, 1867/3 и 1868, КО. Раотинце, е за изградба на објект со намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, за која се планираат водови на комуналните инфраструктурнии системи на кои е потребно објектот да се приклучи, во согласност од условите што ги пропишуваат соодветните Правни субјекти што стопанисуваат со нив, на ниво на населеното место и пошироко, а врз основа на предложеното проектно решение и соодветните техничките норми и прописи. Согласно техничките нормативи, профилите за инсталациите внатрешно за градбите и градежните парцели ќе се определат со основниот проект, а ќе се приклучат на постојните и на планираните инфраструктурни објекти и линии кои се во непосредна близина.

Водоводна мрежа - Снабдување со вода е преку селска мрежа до новоизградениот објект.

Канализциона мрежа - Отпадните води од планираните објекти се одведуваат преку селска канализциона мрежа, која поминува по постоечката улица. На канализационата мрежа ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на канализационата мрежа. Падовите на фекална канализација детално ќе се дефинираат со изработка на главни проекти.

Атмосферска мрежа - Во рамките на опфатот атмосферските води се слеваат гравитациски долж постојните улици.

Електроенергетска инфраструктура - Електрична мрежа на опфатот е дел од селото систем за напојување.
Во граници на предметниот плански опфат постојат изградени објекти, со извршени приклучувања на постојната електрична мрежа. Напојувањето на постоечките објекти се реализирала преку постоечки надземна мрежа со 10(20)kV, надземена мрежа од 0.4kV, како и постојни трафостаници од 10(20)/0.4kV и планирани подземена мрежа со 10(20)kV.
Се предвидува заштитен појас согласно Правилник за мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.
Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна електрична мрежа, кои се во функција, а се јави потреба да се дислоцираат, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив.
Секоја евентуално настаната штета на дел од електроенергетската инфраструктура во сопственост на Електродистрибуциа ДООЕЛ-Скопје, ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги или загрозување на човековата безбедност заради непочитување на пропишаните безбедносни растојанија ќе сноси самиот Инвеститор.
Согласно закон за Енергетика (сл.в. на РМ бр.96/2018) член 203, став1 и член 4 не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.
Согласно новите законски прописи за мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија заштитни појаси на надземен и подземен вод изнесува:

- За надземен вод 1kv до 10(20)kv, планирана е широчина на заштитен појас од 20 метри, по 10 метар од осовината на водот.
- За подземен вод 10(20)kv, планирана е широчина на заштитен појас од 2 метри, по еден метар од осовината на водот.

- 2 метри за трансформаторска станица и разводна постројка со номинален напон од 1kv до 20kv, освен за трансформаторски станици и разводни постројки чија опрема е вградена во посебни простории на зграда.
- Во случај на дислокација на водови, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив и потребно е да се предвиди и почитува локација, траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокацијата.

Дислокација на постоечка електроенергетски објекти и инфраструктура опфатена со планскиот опфат ќе се изврши врз основа на Проект за инфраструктура на ЕЕ објекти одобрен и од страна на Електродистрибуциа ДООЕЛ-Скопје, ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги. Комплетните трошоци за дислокација однсоно каблирање на постоечки далекувод од Електродистрибуциа ДООЕЛ-Скопје, ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги (изведбени работи за дислокација, проект за инфраструктура -проектната документација за дислокација, решавање на имотно правен дел и одобрение за градење) должен да ги надомести трошоците за дислокација инвеститорот.
По физичка дислокација на постоечките ЕЕ-објекти во сопственост на Електродиструбуција - ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија, ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги, ќе се бара одобрение за градење на планираните површини испод истиот.

Јавно осветлување

Јавното осветлување се предвидува да биде со светилки поставени на метални столбови поврзани со трафостаница преку подземен кабел.

Телекомуникациска инфраструктура – Во близина на проектниот опфат има постојни оптички комуникациски кабли и бакарни комуникациски кабли. Телефонските корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку главната телефонска централа во општината.

Во графичкиот дел прикажани се инфраструктурни линии, за кои е потребно да се побараат услови за приклучок на комуналните инфраструктурни објекти од:

- ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје - за приклучување на електро енергетската инфраструктура;
- Македонски Телеком АД Скопје.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

4.1. Општи услови за градење

Регулаторни линии

Регулаторни линии претставуваат: регулациона линија и граница на градежна парцела.

- **Регулациона линија -** Регулационата линија го разграничува градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште за поединечна употреба. Регулациона линија е просторно дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот. Вертикалната рамнина или закривената вертикална површина се протега над и под котата на теренот колку што е одредено со овој правилник и со урбанистички план и урбанистичко планска документација. Регулациона линија е дефинирана согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Градежна парцела -** Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план и урбанистичко планска документација е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу соседните градежни парцели.
  Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии - регулациона линија и граница на парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планска документација што ја обележуваат промената на носителот на правото на градење. Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели, при што сите сопственици на катастарските пацели и делови од катастарски парцели во рамките на градежната парцела претставуваат единствен носител на правото на градење.
  Делови на градежната парцела се: Површина за градење која претставува дел од градежна парцела согласно член 39 на овој правилник и Дворно место кое претставува дел од градежната парцела незафатен со површината за градење. Дворното место се дели на преден двор - помеѓу површината за градење и лицето на парцелата, заден двор - помеѓу површината за градење и дното на парцелата и страничен двор - помеѓу површината за градење и страната на парцелата и атриумски двор ограничен со површина за градење и страните на градежните парцели да се во согласност со член 107 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр.225/20,219/21,104/22,99/23и07/25).

- **Намена на земјиште -** Намената за земјиштето и намената на површините за градба се базираат согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
  Намената на земјиштето е дефинирана со важечкиот оптш акт село Раотинце А1 – Домување во станбени куќи. Основна класа на намена е А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, е со дозволени се компатибилни класи на намени согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) за Б1, Б2 до мах. 30%.

- **Градежна линија -** Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.
  Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирањето на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.
  Површините за градење се во корелација со градежните линии и се дефинираат со овој урбанистички проект за секоја градба посебно, во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) и Проценти на изграденост на земјиштето (Р).
  Во графичките прилози означена е градежната линија со детално котирање на растојанија до границата на градежната парцела и до регулационата линија, согласно член 99, 100 и 101 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Површина за градење -** Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистичко планска документација се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.
  Површината за градење е дел од градежната парцела ограничена со градежни линии зададени со планот, како и параметрите дефинирани со Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
  Во планираната градежна парцела (по правило) има една површина за градење според член 37 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) освен во случаите кога во урбанистичките планови и урбанистичко плански документации во една градежна парцела се утврдува простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе

градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, истите се определуваат преку изработка на архитектонско урбанистички проект.

- **Дозволена максимална височина на градење -** Плански одредби за ограничување на височината на градбите во урбанистички план и урбанистичко планска документација се: висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница, височина на приземната или нултата плоча, максимална височина на градбата, максимален број на спратовите, максимална височина на кровната конструкција и правила на градење над максималната височина на градбата.
  Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување на градежната линија од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела.
  Максималната височина на градбата изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената височина.
  Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот за достигнување на максималната височина на градбата. Оваа условеност најчесто се однесува на барањето во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број на паркинг места според намената на градбата и стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за конкретното подрачје, блок или градежна парцела.

- **Коефициент на искористеност и процент на изграденост –**
  Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

  Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и сл.
  Процентот на изграденост на земјиштето може да се пресметува за градежна парцела, блок, четврт, наменска зона или плански опфат. Кога се пресметува за градежна парцела, се зема површината зафатена со градба и површината на градежната парцела. Кога се пресметува за блок се зема збирот на површини зафатени со градби и збирот на површини на градежните парцели. Кога се пресметува за четврт, наменска зона или плански опфат се зема збирот на површини зафатени со градби и збирот на површини на градежните парцели со збирот на површини на земјиштето за општа употреба, односно вкупното градежно земјиште.

  Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
  Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни катови изградени од нулта плоча.
  Коефициент на искористеност и процент на изграденост се дефинирани во зависност од намената на објектот, согласност Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Партер -** Во партерното уредување да се применува природен материјал и да се изработи ситуационо решение при изработка на основните проекти.
  Сопственикот на објектот, постојно треба да го одржува објектот и дворното место, со обновување на фасадата на објектот и одржување на патеките, заленилото, оградата и другите урбани елементи.

- **Оградувањето на градежната парцела** дефиниран со Урбанистичкиот проект за формирање на градежни парцели ќе биде во согласност со член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Сообраќај -** Планскиот опфат се тангира со изведените улици. Истата е воедно и простор каде се развиени инфраструктурните системи, кои веќе функционират на овој дел од локацијата согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
  Преку изведената улица планскиот опфат се поврзува со пошироко окулина од Општината.
  Пристапот до градежните парцели е од некатегоризирана улица ул.,,1,,.

- **Паркирање и гаражирање -** ќе се решава во рамките на градежната парцела. Паркирањето првенствено да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената вис ина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
  Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е услов за изградба на дозволената површина за градење, катноста, максималната висина, како и искористување на дозволениот процент на изграденост и коефициент на искористеност.
  Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

- **Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност -** Составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат.
  Површините за движење на пешаци кои се планираат во урбанистичките планови и тоа тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8.33%.
  Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички план и урбанистичко планска документација треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8.33% или во однос 1:12.
  Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1.65м, а оптималната широчина треба да е 1.80м.
  Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
  - наклон од 8.33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
  - наклон од 6.66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м, и
  - наклон од 5.0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15м.

  Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1.50м, а оптимална должина треба да е 1.80м.
  При планирањето на елементите на уличната мрежа во урбанистичкиот план треба да се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу

тротоарот и коловозот.
Минималната широчина на рампата треба да е 1м, а оптималната широчина треба да е 1.80м.
Најголемиот наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон треба да е 8.33% или во однос (1:12).
Постојаната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не треба да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лица со инвалидност со колички.
Во условите за градење кои во урбанистичките планови се уредуваат за намените на градбите согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), треба да се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Минималната широчина на рампите треба да изнесува 1м.

- **Зеленило -** Со планска одредба во урбанистичкиот план се уредува процентот на озеленетост во рамки на градежната парцела, блокот или четврта.
  Процентот на озеленетост е однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти.
  Кога со урбанистички план и урбанистичко планска документација ќе се утврди процент на озеленетост, оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.
  Процентот на озеленетост да изнесува мин 20% од површината на градежната парцела.

- **Заштита на културно наследство**
  Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на РМ треба да се постапи согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/11, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15, 39/16, 11/18).

За добивање на одобрение за градење за градбите во рамките на градежната парцела, да се изработи Основен проект согласно член 47 од Законот за градење (сл. весник на РМ бр. 130/09) и Законот за изменување и дополнување на законот за градење (сл. весник на РСМ бр. 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20) и согласно овој Урбанистички проект.

НАПОМЕНА: При реализација на Урбанистичкиот проект во целост да се почитуваат Одредбите за реализација на планот и истите целосно да се базираат врз стандардите и нормативите од Правилниците за урбанистичко планирање и проектирање на објекти.

4.2. За формираните градежни парцели и за градбите определени во нив, ќе важат следните посебни услови за проектирање и градење

Предметниот проектниот опфат е затворен полигон и зафаќа површина од 4534м^2 и се оформуваа од три градежни парцели ГП.1, ГП.2, ГП.3 и дел од опфатот зафаќа некатегоризирана улица ,,1,,.
Во градежна парцела површина за градба, висина на објектот, процентот на изграденост, и коефицјект на искористеност како и место на поставеност се согласно од Општ акт, и согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
Согласно член 12 од Општ акт за с. Раотинце треба да се изведе реализација за приклучок на инфраструктурни водови а согласно надлежни институции.
Во предметниот проектен опфат се предвидува изградба на објект со намена:

А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор

Во граници на проектниот опфат се формира три градежни парцели со номенклатура: ГП.1, ГП.2, ГП.3 и дел од опфатот зафаќа некатегоризирана улица ,,1,, со следни нумерички податоци, дадени табеларно:

Номенклатура на градежна парцела (ГП)	Поединечна класа на градби	Површина на градежна парцела (м²)	Површина на градежна линија (м²)	Вкупна изградена површина по спратови (м²)	Макс. висина на објекти до венец H (м)	Максимален број на спратови	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност K	Комп. класа на намена со Макс.% на учество на един. намена во однос на основна класа на намена	Пристап до градежна парцела	Место на паркирање и број на паркинг места по чл.134 од Правилник	Површина за зеленило (м²)	Површина за зеленило (%)	Површина за поплочена (м²)	Површина за поплочена (%)
1	А1.5	1456	121	363	10.20	П+2	8	0.25	Б1,Б2 30%	ул.,,1,,	2	1217	84	118	8
2	А1.5	1301	121	363	10.20	П+2	9	0.28	Б1,Б2 30%	ул.,,1,,	2	1004	77	176	14
3	А1.5	1262	121	363	10.20	П+2	10	0.29	Б1,Б2 30%	ул.,,1,,	2	866	69	275	21
некатегоризирана улица во проектниот опфат		515	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ		4534													

Градежна Парцела бр. 1 - зафаќа дел од КП.бр.1862, КП.бр.1867/3 и дел од КП.бр.1868, КО. Раотинце

Површина на парцела – 1456м^2
Површина за градба – 121.00м^2
Вкупна изградена површина – 363.00м^2
Процент на изграденост – 8%
Коефициент на искористеност – 0.25
Поединечна намена – А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор
Станбени единици: 1 (една)
Висина на венец – H= 10.20м
Катна висина – П+2
Висина на кровна конструкција – мах. 4.50м
Тип на кров - кос, рамен, мансарден
Кота на нулта плоча – 1.00м.
Зеленило во ГП. – 1217м^2
Процент на застапеност на зеленило – 84%
Место на паркирање - во парцела
Влез во парцела - од некатегоризирана улица ул.,,1,,
Компатибилна класа на намена: Б1, Б2

3.4.3 Постојните катастарски парцели се идни градежни парцели и претставуваат ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на право на градење согласно со чл.16 и чл.17 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или кога во рамките на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат две или повеќе градби потребно е да се изработи Архитектонско – урбанистички проект согласно чл. 51 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

3.4.4 *Основниот принцип за оформување на градежна парцела е да градежното* земјиште се наоѓа непосредно до земјиште за општа употреба така да до парцелата може непречено да се пристапува и таа да може самостојно и независно да се гради, употребува и одржува. Во таа смисла при оформувањето на идната градежна парцела треба таа да се поклопува со просторот кој го зазема и го користи сопственикот на катастарската парцела, со можност за незначително зголемување и намалување на градежната парцела заради обезбедување на простор за оформување на идна сообраќајница, но имајќи во предвид дека треба да бидат исполнети условите од чл.20 и чл.21 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4.5 Во случаи каде што постојните катастарски парцели се идни градежни парцели, површината за градење ќе се реализира со изработка на ситуационото решение во Основниот проект каде ќе бидат презентирани сите урбанистички елементи и параметри кои ги дефинираат условите за градба, користење и развој на просторот и објектите во идната градежна парцела.

Во случаи каде градежните парцели се формираат со Архитектонско урбанистички проект, согласно чл. 51 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* "Сл.весник на Р.Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), површината за градење и сите урбанистички елементи и параметри кои ги дефинираат условите за градба, користење и развој на просторот и објектите во идната градежна парцела ќе бидат дефинирани со неговата изработка.

Во двата случаи, површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели при што минималното растојание од површината за градење до границата на парцела кон постоечка сообраќајница не треба да е помало од 3 м, согласно на чл. 83 од Правилникот за стандарди *и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4.6 При спроведување на Општиот акт, со Архитектонско-урбанистички проекти може да се утврдат градежни парцели со класи на намени кои се компатибилни во однос на наменатa на зоната во која се наоѓаат. Притоа, збирот на површините на градежните парцели со компатибилни класи на намени не треба да зафати повеќе

од максимално дозволениот процент на учество од површината на наменската зона за да не се смени карактерот на зоната.

3.4.7 Во планскиот опфат егзистира училишен објект на Подрачното основно училиште на ООУ „Александар Здравковски". При формирањето на наменската зона со класа на намена В1-образование и наука не само што треба да се почитуваат стекнатите права, наменската зона треба да се планира и согласно податоците од демографскиот развој од планираниот број на жители, а процентот на ученици во основно образование е 12%.

Како исклучок, за наменската зона В1 – образование и наука при разработка на парцелата не се дозволуваат компатибилни намени, односно наменската зона ќе се користи исклучиво за В1 – образование и наука и ДЗ – спорт и рекреација со максимум 20% учество од основната класа.

3.4.8 Површината за градење е планска одредба и нејзината диспозиција во градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење, што е дефинирано во чл.40 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4.9 Максималната височина на градбата е планска одредба со која се регулира планирањето на истата во согласност со членовите 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во сите наменски зони максималната висина на градбите ќе се утврдува со изработка на Основен проект, односно со изработка на АУП со кој се оформува градежна парцела согласно чл. 51 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

3.4.10 Процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето е зависен од постојната состојба и истиот ќе се одреди за секоја парцела поодделно на ниво на наменска зона. Истиот е дефиниран во граници на дозволените вредности во членовите: 49 до 53 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4.11 Од Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за води е добиено известување (бр.11-3426/2 од 07.10.2019) дека идентификуван е површински водотек – река Вардар.

При спроведување на Општиот акт во чиј плански опфат има води, како добра од општ интерес во сопственост на Република Северна Македонија, да се почитува нивната посебна заштита на начин и под услови одредени од *Законот за води* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 42/12, 23/13 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Согласно Законот за води, во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат Советот на Општината и Советот на Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на Градот Скопје, по предходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Реализација на Општиот акт во крајбрежниот појас од 50 м. е условена со реализација на наведените обврски од Законот за водите, а доколку не е донесена Одлука за ширината на крајбрежниот појас, да може реализацијата да се овозможи со водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторни планирање, Управа за животна средина – Сектор води.

Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот;
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и други активности да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно -техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на Р.М. бр.18/99).

Во однос на постоечките објекти во крајбрежниот појас на водотеците не треба да се врши нивна доградба и надградба, или лоцирање на нови објекти се до изготвување на проектна документација за заштита и регулирање на речните корита со дефинирани профили и ширина на крајбрежен појас врз основа на хидраулички пресметки базирани на меродавни хидролошки податоци, односно до донесување на Одлука за опрделување на ширина на крајбрежен појас на водотеците од страна на Советот на општината.

Бидејќи планскиот опфат се наоѓа во третата поширока заштитна зона на изворот Рашче, кој се користи за водоснабдување со вода за пиење, потребно е при изработка на општиот акт да се земат во предвид мерките за заштита - забрани и ограничувања во заштитните зони согласно Одлуката за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче (Сл.весник на С.Р.М . Бр.36/1990).

Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај

површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење на води, односно Дозвола за испуштање во водите под услови и на начин утврдени со законот за водите.

По однос на постојни водостопански објекти во склоп на системите за наводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р.С.М.

3.4.12 Доколку во опфатот на Општиот акт поминува траса на гасовод, при спроведување да се почитува заштитниот појас на гасоводот, а за парцелите кои се наоѓаат во рамки на истиот, задолжително да се обезбеди позитивно мислење од надлежното претпријатие кое стопанисува со гасоводот.

3.4.13 Доколку во опфатот на Општиот акт поминува траса на далековод, при спроведување да се почитува заштитниот појас на далеководот, а за парцелите кои се наоѓаат во рамки на истиот, задолжително да се обезбеди позитивно мислење од надлежното претпријатие кое стопанисува со далеководот.

3.4.14 Доколку во опфатот на Општиот акт поминува траса на железница, при спроведување да се почитува заштитниот појас на железницата, а за парцелите кои се наоѓаат во рамки на истиот, задолжително да се обезбеди позитивно мислење од ЈП Македонски Железници во однос на постојната или планираната траса на железницата и нејзиниот заштитен појас.

3.4.15 Во рамки на опфатот на Општиот акт, потребно е да се обезбедат услови за соодветно собирање, чување, предтретман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад, кој ќе се одлага во заеднички контејнери, а определувањето на нивните локации да се изврши со Одлука на Советот на Општина Јегуновце.

3.4.16 Зеленилото е составен дел на идните градежни парцели, а минималниот процент на озеленетост во секоја градежна парцела, согласно член 20 од *Законот за урбано зеленило* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр. 11/18) треба да изнесува минимум 20 %.

3.4.17 Потребите за паркирање и гаражирање ќе ги решава корисникот на градежната парцела во рамките на сопствената парцела.

Еден од основните услови за формирање на идна градежна парцела од постојните катастарски парцели е да таа има непосреден пристап од постојните сообраќајни површини (постојни улици) или ако инвеститорот сам си обезбеди колски пристап до новата градежна парцела преку новоформирана сообраќајна површина.

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот неможе сам да го обезбеди, неможе да се утврдат услови за градба.

Паркирањето и гаражирањето ќе ги решава корисникот на градежната парцела во рамките на сопствената парцела, со почитување на условот да обезбеди потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина, катност и површина за градба, а во согласност со чл. 59 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Истото ќе се дефинира со изработка на Основен проект или Архитектонско урбанистички проект.

3.4.18 Изградбата на сите објекти и инсталации од комуналната инфраструктура, како и целокупното уредување на предметниот плански опфат, треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, прописите од областа на урбанизмот, архитектурата и градежништвото, а во согласност на овој општ акт, односно Општите услови што се негов составен дел.

3.4.19 Право и должност е на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животна средина („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 50/03, 81/05, 24/07, 159/08, 83/0948/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

При спроведување на Општиот акт да се почитува целокупната законска и подзаконска регулатива која се однесува на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот; обезбедување на заштита од загадување на воздухот, водата и почвата; управување со отпад и заштита од бучава.

3.4.20 Според податоците од Дирекцијата за заштита и спасување – ПО Тетово (бр.09-200/2 од 19.06.2019) и согласно член 62 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје и истите потребно е да се вгардуваат. Изградба на засолништа се утврдува според следните критериуми:

-во станбени објекти , на 40 м2 корисна површина едно засолнишно место;
-во деловни објекти , на 20 м2 корисна површина едно засолнишно место;
-во објекти за складирање,на 80 м2 корисна површина едно засолнишно место;
-во образовни ,културни, спортски и угостителски објекти , на две третини од бројот на посетителите предвиден во проект на објектите.

За конкретниот проектен опфат на **Општиот акт за село Раотинце**, Општина Јегуновце, нема изградено засолништа.

За заштита на предметниот плански опфат од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00м, на коридорот на улиците;
- при рушење објектот ја зафаќа х/2 од површината околу себе; односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Заштитата од урнатини сеобезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти, согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.
Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита на спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија" 100/10 год.).
Да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, односно ширината на пристапниот пат за ПП возила несмее да биде помала од 6м, согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 32/11) и Законот за пожарникарство – пречистен текст („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 168/17). Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите на надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесуваат најмалку 5 м., а најмногу 80м.
При изработка на основните проекти потребно е да се реши меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето, односно потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува 1/2 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од осум метри согласно член 19 од Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија" бр.32/2011).
Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремно откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.
Сопствениците на градбите во кои се произведуваат и складираат опасни метерии, сопствениците и корисниците на градбите и уредбите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на градби во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.
Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа.
Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските градби, кои во производниот

процес употребуваат метерии или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и матријалните добра. Со оглед на тоа што во проектниот опфат на **Општиот акт за село Раотинце**, Општина Јегуновце, има индустриски градби, при проектирањето мора доследно да се применуваат законската и подзаконската регулатива кои ја регулираат соодветната проблематика.

При изработка на основни проекти, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да биде изготвен Елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

3.4.21 Според податоците од Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за заштита на животната средина (бр.11-3425/4 од 01.08.2019), а согласно евиденцијата на природно наследство на територијата на Р.Македонија и Секторската студија за заштите на природното наследство изготвена за потребите на Просторниот план на Р.Македонија, констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат не навлегува во граници на заштитено подрачја.

3.4.22 Од надлежната институција ЈП Водовод и канализација – Скопје, со користење на карти со кои располагаат, добиени се податоци (бр.1302-3407/2 од 16.10.2019) од кои е констатирано дека селото Раотинце се наоѓа во **Прва поширока заштитна зона и Втора поширока заштитна зона на изворот Рашче**. Потребно е почитување на *Одлуката за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита* („Сл.весник на СРМ" бр.36/1990) и *Просторниот план на регионот за заштитните зони на изворот Рашче* („Сл.весник на РМ" бр.98/02) т.е.

- **согласно Одлуката:**

Во првата поширока заштитна зона (зона на санитарни ограничувања) се забранува:

1. Градење на објекти и изведување на други работи, експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и користење на земјиштето на начин и обем со кој се загрозуваат природните вредности на земјиштето, квалитетот, количествата и режимот на површинските и подземните води.

Експлоатацијата на минерални суровини се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви;

2. Изградба на фарми за стока и живина,
3. Неконтролиран транспорт, складирање и користење на течности кои по својот состав се опасни за подземните водоносни слоеви (нафта и нејзини деривати, токсични материи и друго);
4. Испуштање или складирање на масла, токсични и радисактивни материи,
5. Кампирање и друг вид на организирано задржување на луѓе, и
6. Депонирање на отпадни материи и смет

Во оваа заштитна зона може да се врши пошумување.

Обработка на земјоделското земјиште на досега освоените површини и примената на природно и вештачко ѓубриво, како и употреба на хемиски средства за заштита на растенијата може да се врши само со посебно одобрение и упатство од републичкиот орган на управата надлежен за работите на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Во постојните селски населби во оваа зона може да се извршува екстензивно сточарење, ратарење и други функции и изградба на објекти само во согласност со урбанистичките планови изработени според критериумите што ги налага оваа зона.

Во втората поширока заштитна зона (зона на хигиено-епидемиолошко ограничување и следење) се забранува:

1. Експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци, како и користење на земјиштето на начин во обем со кој се загрозуваат неговите природни вредности, квалитетот, количествата на водите и режимот на површинските и подземните води.

Експлоатација на минерални суровиии се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви.

2. Испуштање на непречистени отпадни води во водотеците и подземните води;
3. Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии; и
4. Испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи

Во подрачјето на оваа заштитна зона се дозволува пошумување и користење на земјиштето за земјоделско производство со примена на вештачки и природни ѓубрива и употреба на хемиски заштитни средства кои не содржат неразградливи отровни и штетни материи. Испуштањето на отпадните води во отворените водотеци се дозволува после нивното пречистување според критериумите за водотеци од II категорија на профилот на испуштањето.

- **согласно Просторниот план:**

Прв степен на заштита ќе се спроведува во подрачјето на Првата заштитна зона, чии што граници се дефинирани со графичкиот прилог, за што ќе се применуваат следниве мерки:

Во доменот на населбите треба да се преземаат следниве мерки:

- Изработка на УДНМ за населбите Рашче, Бојане, Копаница, Радуша, Орашје, Раотинце, Сиричино, Туденце, Копанце, согласно со насоките од овој план;
- Вградување во УДНМ на одредбите за реализација: длабочината на земјениот ископ за темелење да биде ограничена, согласно со претходно извршени геолошки истражувања на конкретната локација, извршување на технички прием на темелите од страна на надлежна инспекциска служба;
- Рекултивација на локацијата на бегалскиот камп во селото Бојане;
- Изработка на еколошки елаборати за постојни индустриски погони;
- Се забранува изградба на бензиски пумпи во Првата заштитна зона на изворот.

Во полјоделството ќе се применуваат следниве мерки:

- Употреба исклучиво на „slow releise“ ѓубрива (ѓубрива со продолжено распаѓање), и со забрана за нивно користење од 15 октомври до 15 март за ораници и од 15 ноември до 15 март за зелени површини;
- Употреба исклучиво на пестициди со време на распаѓање до 30 дена;
- Забрана за користење на пестицидите: алдрин, хлордан, диелдрин, ди-ди-ти, енрин, хептахлор, мирекс, токсафен, хексахлоробензол;
- Користење на податоци од постојни климатолошки станици во Јегуновце, Радуша и Рашче за оптимализација на употребата на пестициди;
- Обработка на земјата со „no tillage“ техника (орање без превртување);
- Спречување на дренажа на води од обработливи површини во реката Вардар;
- Намалување на површините под ораници, за сметка на зголемувањето на зелени површини (ливади, пасишта, затревени трајни насади);

- Определување на пробни парцели за следење на резултатите од примена на мерките;
- Мониторинг на квалитет на почва;
- Следење на азотот, фосфорот и пестицидите на постојните хидрометриски профили.

Во сточарството ќе се применуваат следниве мерки:
- Одгледување на најмногу 3.5 условни грла/ха обработлива површина за индивидуален производител;
- Пречистување на отпадни води од стаи за добиток со капацитет поголем од нормата 3.5 условни грла/ха;
- Складирање на отпад од фармите на уредни локации (примена на фолии и друг вид на површински бариери;
- Забрана за депонирање на пцовисан добиток во зоната;
- Санирање на локацијата каде што е депониран заболен добиток, југозападно од селото Рашче;
- Контрола на спроведувањето на мерките.

Во областа на водостопанството и комуналното уредување ќе се применуваат следниве мерки:
- Воспоставување на заштитен коридор за водовите на цевките за водоснабдување на Скопје, Рашче, Бојане и Копаница;
- Воспоставување на заштитни зони околу изворите за водоснабдување во Првата зона;
- Реконструкција на регионалниот водовод во сопственост на ХЕК „Југохром";
- Решавање на водоснабдувањето на населбите што црпат вода од индивидуалните бунари;
- Санација на септиците на локацијата на бегалскиот камп во селото Бојане;
- Изведба на канализациона мрежа и пречистување на комунални отпадни води за сите населби од Првата зона;
- Регулација на реката Вардар на делници загрозени од поплавување;
- Санирање на деградирани површини од експлоатација на песок и чакал на речните брегови;
- Одржување на крајбрежна вегетација за заштита од ерозивен нанос;
- Изведба на систем за наводнување „Сиричино" по доведувањето на квалитетот на реката Вардар во пропишаните граници.

Во областа на експлоатацијата на минерални суровини ќе се применува следново:
- Решавање на статусот на каменоломот на ХЕК „Југохром" на Жеден, по изработка на физибилити студија за оправданоста на неговото завторање;
- Забрана за работа на бесправно поставениот каменолом западно од селото Бојане;
- Експлоатација на песок и чакал од коритата на водотеците (пред се на реката Вардар) по специјално издадени дозволи од Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Рекултивација на јатовиштето во Радуша, депонијата и каменоломот на Југохром, според претходно изработени проекти.

Во областа на шумарството ќе се применуваат следниве мерки:
- Ревизија на постојните планови за шумско-стопанските единици Жеден-Орашје и Жеден-Матка согласно со планските решенија на овој план;
- Изработка на планска документација за уредување на заштитната шума на источните падини на Жеден;

- Пошумување на заштитните зони на изворите за водоснабдување;
- Изработка на план за заштита од пожари;
- Оптимализација на употребата на хемиски средства за заштита од болести и штетници на дрвните видови.

3.4.23 Во рамките на урбаниот опфат на Општиот акт за село Раотинце, длабочината на земјениот ископ за темелење да биде ограничена, согласно со претходно извршени геолошки истражувања на конкретната локација, извршување на технички прием на темелите од страна на надлежна инспекциска служба.

3.4.24 Според податоците од Управата за заштита на културно наследство (бр.17-2351/2 од 20.06.2019), во рамки на опфатот евидентирано недвижно културно наследство – **црква Св.Илија** со ЕМБ 4-830-065/012 ЕНД. Воедно во близина на границите на планскиот опфат се наоѓа **археолошкото наоѓалиште „Арбино"** (населба од доцноантичко време) со ЕМБ 4-830-065/139 ЕНД – добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство. Во Извештајот за извршен стручен наод од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје (бр.08-257/3 од 26.07.2019) е утврдено дека археолошкото наоѓалиште е надвор од границите на планскиот опфат, а со оглед на тоа што црквата е во опфатот, потребно е да се изработат заштитно конзерваторски основи.

Од таа причина, од нивна страна изработени се Заштитно конзерваторски основи со третман на недвижното културно наследство за изработка на Општ акт за село Раотинце (бр.08-257/7 од 22.10.2019), одобрени со Решение издадено од Управата за заштита на културното наследство (бр.17-842 од 12.11.2019), кои се составен дел на овој Општ акт, за што е добиено позитивно мислење од УЗКН (бр.17-394/4 од 05.02.2020).

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

- Валоризација

Валоризацијата е мерка на заштита што се состои од стручна и научна проценка на вредностите и својствата на добрата според утврдени критериуми, во функција на нивно ставање под заштита и подведување под соодветен режим на заштита (член 11 точка 4 од ЗЗКН). Таа се врши во посебна постапка, од страна на надлежната установа за заштита, а во областа на просторното и урбанистичкото планирање се применува како инструмент на претходна заштита, со ограничено правно дејство.

Во случајот, валоризацијата е првата мерка, предвидена со овие ЗКО, која е во функција на воспоставување заштита на објектот кој го заслужува тоа, како неопходен предуслов за негово подведување под дејство на споменичките прописи. Таа се однесува на црквата„Св.Илија", а потребни се дополнителни конзерваторски истражувања со кои ќе се обезбедат и документираат валидни податоци кои се неопходни при валоризацијата, а кои не сме во можност да ги направиме при изработка на овие ЗКО.

Клучните елементи на валоризацијата на предметниот објект се дадени во Валоризациониот лист, што следува во продолжение.

ВАЛОРИЗАЦИОНЕН ЛИСТ

Инвентарна ознака: Б – 01	*Единствен матичен број* 4-830-065/12 Е НД  
Назив на доброто:	**Црква Св.Илија**
Локација:	*Општина:* Јегуновце *Населба:* с. Раотинце
Топографски податоци:	*N=42°03'40" E=21°08'36" н.в.467 м*
Катастарски податоци:	*КО Раотинце КП 171*
Класификација:	*Клан:* ***1 недвижно културно наследство*** *Вид:1.1* **Споменик**; *Група:1.2.1* **верски објект**; *Тип:1.1.1.3.1* **црква**;
Датирање:	Црквата е изградена 1975 год., со остатоци од живопис од 19 век
Автор/и:	Зафир Радичоф Аврамовиќ
Опис на доброто:	Црквата „Св.Илија„е еднокрабна засведена градба со полукружна апсида. Зачуваниот дел од живописот во олтарниот простор (допојасна претстава на непознат архиереј на јужниот ѕид, претстава на архиѓакон Роман – во нишата на проскомидијата, композицијата Служба на архиереите од Мелисмос-во првата зона на апсидалната конха и долниот дел од композицијата со централна фигура на Богородица. Според записот на иконата со претставата на Св. Трифун, по обновувањето на црквата, во 1852 год., таа е живописана во 1863 год. од зографот Зафир Радичоф Аврамовиќ. При тоа е живописан наосот, еродот и дел

23

- Категоризација

Категоризацијата е мерка на заштита што се состои во определување на степенот на значење на некое добро во јавен интерес, во функција на пропишување соодветен режим на заштита, утврдување на приоритетите во заштитата, разграничување на надлежностите и примена на ратификуваните меѓународни договори (член 11 точка 6 од ЗЗКН). Таа е придружна заштитна мерка на валоризацијата и/или на ревалоризацијата, во зависност од конкретните околности, а се врши истовремено со некоја од тие мерки, во согласност со позитивните прописи.
Покрај категоризацијатаспоред значењето, со овие ЗКО се врши и категоризација според загрозеноста, што е во функција на евентуално иницирање на постапка на утврдување на статусот – културно наследство во опасност.
Во случајов, категоризацијата според наведените основи е дадена во Категоризациониот лист, што следува во продолжение.

КАТЕГОРИЗАЦИОНЕН ЛИСТ				
Инв. ознака	Назив и локација на добото	*Категоризација*		
		според значењето		според загрозеноста
		категорија	поткатегорија	
Б - 01		ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО	-	НЕЗАГРОЗЕНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
Забелешка:*Категоризацијата* во овие ЗКО е извршена согласно со член 29 став 1 од ЗЗКН и критериумите од член 3 став 2 т. 1, став 3 т. 1,6 и 7, став 4 т. 2 и член 7 став 3 т. 1 и 2 од *Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство* („Службен весник на РМ" бр. 111/05 и 130/13), а во смисла на член 10 став 3 и член 28 од ПЗКО.				

Со Заштитно конзерваторските основи се утврдува **режим на заштита** на категоризираното значајно културно наследство – Црква Св.Илија, и тоа:

- Зони на заштита

За подрачјето на опфатот на овие ЗКО се определуваат две зони, и тоа:

- Зона на ограничена (гарантирана) заштита, што опфаќа еден сосем мал дел од планскиот опфат на ОА Раотинце, а се однесува на просторот од тој опфат вклучен во границите на заштитеното подрачје на недвижното добро кое е предмет на валоризација и категоризација;
- Зона без дејство на заштита, што го опфаќа најголемиот дел од планскиот опфат на ОА Раотинце, а се однесува на просторот од тој опфат што е надвор од Зоната на ограничена (гарантирана)заштита.

Во рамките на Зоната на ограничена (гарантирана) заштита нема делови што се изземаат од дејството на режимот на заштита, односно што би претставувале дел од Зоната без дејство на заштита.

– Степени на заштита

- За заштитеното предметното добро (Б-01) и неговата контактна зона , кои ја сочинуваат зоната на ограничена (гарантирана) заштита, со овие ЗКО се утврдува режим на заштита од два различни степена:
- режим на заштита од втор степен, предметен за просторот на самото добро и
- режим на заштита од трет степен, предметен за контактната зона на самото добро.

Режим на заштита од втор степен:

Режимот на заштита од втор степен подразбира зачувување напостојната состојба во во однос на габаритот, а конзерваторските интервенции да не бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на доброто.

- Задржување на постојната форма, големина и изглед на градбата;
- Задржување на фрескоживописот во олтарниот простор;
- Забрана за било какви градежни интервенции на објектот, освен конзерваторски работи од надлежните служби за заштита на културното наследство.
- Се применува режим на заштита што ги исклучува сите дејствија со кои може да се наруши автентичноста и интегритетот на овој споменик.

Режим на заштита од трет степен:

Наведениот степен на заштита означува стандард на дозволени интервенции, односно дејствија што можат да се превземат во блиската околина на доброто.

- Во контактната зона се задржува постојната состојба на теренот, со можност за градежни интервенции со прилагоден архитектонски израз, а во функција за потребите на црквата.

Посебни мерки на заштита

Во поглед на Зоната на ограничена (гарантирана) заштита од овие ЗКО, односно за целото заштитено подрачје на споменикот – верски објект Црква „Св.Илија", с. Раотинце се определуваат и следните посебни мерки на заштита:

- Означување на споменикот со знаци и други соодветни ознаки предвидени со националните прописи и ратификуваните меѓународни договори од областа на заштитата на културното наследство;
- Хортикултурно уредување и одржување на просторот околу црквата;
- Затскривање на електричните и другите водови и инсталации на начин што обезбедува да не бидат видливи на просторот на заштитеното подрачје;
- Забрана за поставување рекламни паноа, плакати, потпирачи, антенски столбози и слична опрема или информативни табли на просторот во заштитеното подрачје, со исклучок на ознаките предвидени со прописите за заштита на културното наследство и опремата или ознаките чие поставување е одобрено од надлежниот орган за заштита на културното наследство;
- Забрана за подигање меморијални споменици и спомен-обележја на предметните делови од Зоната на ограничена заштита што не се поврзани со настанувањето, опстојувањето и функцијата на предметното добро;

– Насоки за вградување на ЗКО во ОА

При изработката на Нацртот на ОА Раотинце, показателите од валоризацијата, режимите и насоките за заштита (претставени во графичкиот дел од заштитно - конзерваторските основи) треба да се третираат како документациска основа за соодветен третман на подрачјето на опфатот, согласно претходно изнесените заклучоци во основите по однос на сите компоненти од заштитниот режим и другите синтезни показатели и прикази.

– **Параметри за заштита (заштитно-конзерваторски услови)**

За подрачјето на опфатот на овие ЗКО што припаѓа на Зоната на ограничена (гарантирана) заштита, се определуваат следните параметри за заштита (заштитно-конзерваторски услови):

- При изработка и ревизија на проектна документација за градење и други дејства на посегање во предметниот дел од Зоната на ограничена (гарантирана) заштита да се внимава на проектните решенија со кои може да се наруши интегритетот на односното заштитено подрачје;
- Пред издавањето на одобрение за градење или друг вид акт за авторизација според општите прописи за градење, за дејства на посегање со кои може да се наруши интегритетот на предметниот дел од Зоната на ограничена (гарантирана) заштита, задолжително да се обезбеди претходно или друго соодветно одобрение или согласност од надлежниот орган – Управата за заштита на културното наследство;
- Работите на непосредна заштита за кои не е потребно одобрение или друг вид акт за авторизација според општите прописи за градење, може да се изведуваат врз основа на уредно конзерваторско одобрение и постапување според прописисте за заштита на културното наследство;
- При ископ на темели илиизведување на други земјени работи, доколку се наиде на предмети или остатоци од градби што се од археолошко значење, изведувачот е должен привремено да прекине со изведувањето на работите и веднаш да го извести НУ Национален конзерваторски центар –Скопје, а работите да продолжида ги врши под археолошки надзор или по претходно изведување на заштитни археолошки ископувања, во зависност од потребата, односномерката определена од Управата за заштита на културното наследство;
- Поставувањето на сите инсталации да се изведе на начин што ќе обез–беди тие да не бидат видливи во зоната на заштитеното подрачје
- Режимот на заштита јаисклучува можноста за воведување намени кои предизвикуваат бучава и загадување на околината;
- Другите заштитно-конзерваторски услови се утврдуваат во планот според елементите предвидени со режимот на заштита.

Работите на одржување и уредување со кои можат да настанат естетски и други физички промени на изгледот на објектот и просторот во неговите граници, можат да се изведуваат по претходна најава и во консултација со надлежната установа за заштита (стручна помош).

3.4.25 При примена и реализација на овој Општ акт, за сѐ што не е дефинирано со овие Општи услови за градба, ќе се применуваат стандардите и нормативите утврдени со *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и *Правилникот за формата и содржината на Општиот акт* („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 229/18).

3.5 Начин на реализација на инфраструктурните водови и градби

Во планскиот опфат дефиниран со **Општиот акт за село Раотинце**, Општина Јегуновце, постојат веќе изградени сообраќајници (улици), како и изградени комунални инфраструктурни мрежи како што се: водовод, електрика и телекомуникациски инсталации.

Тие се основа за развој и надградба на целокупната инфраструктурна мрежа во селото, која ќе овозможи приклучување на новоизградените градби.

ДУ Чистота Јегуновце има доставено информација (бр.03-140/1 од 26.06.2019) дека има постојна секундарна водоводна мрежа и транзитна која оди за село Копанце, која е во нивна надлежност.

Од МЕПСО е добиена информација (бр.11-3419/1 од 21.06.2019) дека планскиот опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост.

Според добиените податоци од Електродистрибуција ДОЕЛ Скопје (бр.10-2636/2 од 21.06.2019), во рамки на планскиот опфат има постоен среднонапонски надземен вод и три среднонапонски трафостаници. Покрај тоа дадена е и траса на новопроектиран среднонапонски подземен вод.

За среднонапонскиот надземен вод е предвиден заштитниот појас од по 3,5м осовинско растојание. Минималните заштитни појаси се дадени во *Правилникот за техничките нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кВ до 400 кВ* („Сл.лист на СФРЈ" бр.65/88).

Од АЕК (бр.1404-1793/2 од 19.06.2019) и од Телеком (од 24.06.2019) се добиени информации за постојни оптички и бакарни телекомуникациски кабли.

Од ГАМА и МЕР (бр.03-3107/2 од 17.06.2019) се добиени информации дека во опфатот нема изградени и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Според дописот од Општина Јегуновце (11-809/2 од 18.06.2019), во опфатот и во негова непосредна блзина, нема одобрени проекти за инфратсруктура (ПИ) ниту ПИ кои се во фаза на изработка, а според дописот бр.11-187/1 од 31.01.2020, опфатот не се граничи со соседни планови и плански документации.

Постојната инфраструктурна мрежа потребно е да овозможи приклучок на мрежата на секој објект кој се наоѓа во селото.

Доколку се утврдат потреби за напојување кои ги надминуваат капацитетите на постојната инфраструктура, изградбата на нови инфраструктурни мрежи и објекти ќе се врши со изработка на Проекти за инфраструктура, во согласност со член 52 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* („Сл. весник на Р.Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

3.6 Просторна организација и услови за градење во селски стопански двор

Во рамки на наменската зона за домување можна е реализација на објекти со основна класа на намени:

А1 -домување во станбени куќи во селско-стопански двор

Согласно важечкиот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, класата А1 ги опфаќа и селските стопански дворови т.е. во рамки на градежните парцели со класа на намена А1, освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско - стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

Урбанистичките параметри (процентот на изграденост и коефициентот на искористеност) кои ги детерминираат условите за градба во градежните парцели со намена А1-домување во станбени куќи во селско-стопански двор не ги опфаќаат помошните градби во функција на селско-стопански двор.

3.7 Опис на основните влезни и излезни постојни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото окружување

Со **Општиот акт за село Раотинце** се дефинирани сите постоечкиот влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување, и тоа:

- на север – од / кон село Јегуновце;
- назапад – од / кон село Подбреѓе;
- на исток – од / кон атарот на селото;
- на југоисток од / кон атарот на селото;
- на југозапад – од / кон село Копанце.

Низ планскиот опфат на село Раотинце не поминува регионален пат.

При спроведување на Општиот акт, да се почитуваат во целост одредбите од *Законот за јавни патишта* („Сл.весник на Р.Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

3.8 Сообраќајни услови за пристап до градбите и начин на решавање на стационарниот сообраќај

Стационарниот сообраќај - паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 58 и 59 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Дефинирањето на идната улична мрежа во просторот на наменските зони ќе се реализира со Проекти за инфраструктура, што е во согласност со член 52 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Македонија„ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изградност, коефициент на искористеност, висина на венец и катност). Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно горенаведениот правилник. Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

6. ПОДАТОЦИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ОД ГРАНИЦАТА НА ОПФАТОТ

